**<u>Образец бр. 3</u>**

# Комплетна проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Детален опис на контекстот на проблемите и целите што ќе се остварат со решавање на проблемите

- Кратко временско траење на полномошното за учество на собрание на друштво;
- Можност за побивање прекугранично спојување врз основа на повреда на прописите за заштита на конкуренција,
- Преголем распон на рокот во кој може да се пријавуваат побарувања во постапката за ликвидација,
- постапката на упис во трговскиот регистар, пренесување на фирмата како и бришењето од регистарот на трговецот поединец заедно со сите прилози не е можна во електронска форма
- Во делот на формалностите при отворање подружница се бара во одлуката за организирање подружница да се внесуваат дополнителни факти кои ионака се запишани во трговскиот регистар и за друштвото а немаат суштинско значење кога истото организира подружницата
- Изјавата од ставовите (2) и (3) на член 32 не е можна само во електронска форма како изјавата по став (1)
- Се уште не е извршено целосно заменување на писмена со електронска форма во однос на објавувањето податоци од трговскиот регистар кој и се води во електронска форма, а особено што секоја нова регистрација на трговско друштво се објавува на интернет страницата на Централниот регистар наместо во Службен весник на Република Македонија. Постојното решение имплицира на поранешната судска постапка за регистрација на трговско друштво и на решение за упис кое го донесуваа судовите а кое потоа се доставуваше за упис во трговскиот регистар и се објавуваше во ЈП Службен весник.
- Неможност да се врши поднесување на овластен потпис на законскиот застапник само во електронска форма
- Неможност да се даде прокурата само по електронски пат
- Неможност да се дава трговско полномошно само по електронски пат
- Не е овозможено правно постапка на целосно електронско поднесување на пријава за упис и поднесување на прилозите во постапката (исправи и докази) во трговскиот регистар заради упис во трговскиот регистар по електронски пат кај АД, ДОО, ДООЕЛ, ЈТД и КД.
- Не е овозможено склучување на договор односно изјава за основање односно статут само во електронска форма согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис,
- Неможност согласноста за пренос на удел во командитно друштво да биде дадена во електронска форма потпишана со електронски потпис
- Правна неможност да се поднесат електронски прилозите во постапката на регистрација на ДОО/ДООЕЛ.
- Не е овозможено полномошното со кое едно лице е ополномоштено да поднесе пријава за упис на одлука за измена на договорот за друштвото да биде во електронска форма.
- Не е овозможено изјавата за преземањето нови влогови од страна на содружниците се овозможува да се врши по електронски пат
- Не е овозможено статутот на АД да се потпише електронски
- Органичено траење на полномошното за седница на собрание на друштвото

- Недоволно е јасно определено со закон дека банките и брокерските друштва можат да учествуваат и гласаат на седница на собрание на друштвото ако на друштвото му го обелоцениле идентитетот на секој свој клиент и бројот на акциите чие право на глас го остваруваат за сметка на секој клиент, како и содржината на овластувањето и инструкциите за гласање ако такви инструкции примиле од клиентот без да им се бара полномошно заверено на нотар.
- објаснувачките белешки не се пропишани како трет составен елемент на консолидираната годишна сметка.
- Не е овозможено електронско поднесување податоци за упис во постапката на ликвидација.
- ликвидаторот не може да ја потпише пријавата за бришење на трговското друштво од трговскиот регистар само со електронски потпис

- нема реципроцитет во третирањето на странските друштва во Република Македонија од аспект на отворањето подружници.
- Не се имплементирани препораки согласно новата казнена политика на Владата на Република Македонија за намалување на распонот и износот на санкциите
- Стапување на сила на казнените санкции за неорганизирање на служба за внатрешна ревизија

**Чекор 2: Идентификација и опис на можните решенија (опции)**

Во Република Македонија се создадени правни и институционални услови за целосно транспонирање на Директивата 2003/58/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 15 јули 2003 година со која се менува Директивата на Советот 68/151/ЕЕЗ во однос на условите за обелоденување податоци за некои видови трговски друштва. Институционалната имплементација преку проектот Едношалтерски систем фаза 2, за кој правната рамка се уредува токму со овој закон, обезбедува Република Македонија да го дели првото место во светот согласно индикаторот отворање бизнис на Светска Банка – Doing Business, по брза, ефтина и со најмалку формалности постапка за регистрација на трговско друштво т.е комплетно електронска.

Исто така, со предлог-законот Министерството за економија ги имплементира мерките за унапредување на казнената политика во делот на намалување на износот на глобите во Законот за трговските друштва, вклучително и нивниот распон, се утврдува адекватна материјално-правна рамка за имплементација на Проектот Едношалтерски систем фаза 2 за овозможување комплетно електронско поднесување документи во трговскиот регистар заради иммплементација на Директивата 32003L0058, измена на постојното решение во законот како резултат на мислење добиено од Европската комисија по однос на степенот на имплементација на Директивата за прекугранично спојување 32005L0056 што е извршено со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.48/2010) подобрување на текстот на одредбата со која се транспонира одредбата од Директивата 32007L0036 за остварување на правата на акционерите на собрание во друштвата чии акции котираат на берза, со која се прецизираат финансиските посредници кои можат без полномошно да учествуваат и гласаат на седница на собрание, што е во согласност со Регулаторна Гилјотина трета фаза, имплементација на препорака од Doing business во делот на понатамошно скратување на роковите во постапката за доброволна ликвидација на трговско

друштво како и помали потреби од правно техничко подобрување и прецизирање на текстот на одредбите од законот

**Чекор 3: Анализа на влијанијата вклучувајќи идентификување и анализа на трошоците и придобивки за секоја опција**

**Предложено решение (опција):** Донесување на Закон за измена и дополнување на Законот за трговските друштва

**Опис:** Со законот ќе се уреди правната рамка во функција на решавање на горенаведените проблеми чие единствено решавање е преку донесување соодветен пропис

1. **Трошоци**

- Сите постојни пријави и прилози во постапката ќе биде можно да се поднесуваат електронски;
- Физичките и правните лица, домашни и странски, по свој избор ќе одлучат дали ќе купат електронски потпис со дигитален сертификат за да ги користат електронските солуции за упис во трговскиот регистар за кои со овој Предлог-закон ќе биде правно овозможено;
- Никакви трошоци нема да произлезат од 2011 година ниту за министерствата ниту за Централен регистар од аспект на вложувања, со оглед дека вложувањата во развојот на едношалтерскиот систем фаза 2 завршуваат на 31.12.2010 година

1. **Придобивки**

- Најефтина, најбрза, наједноставна и комплетно без-шалтерска електронска регистрација на трговско друштво
- Можност за поднесување на документи, пријави и прилози во постапката на упис во регистрите на ЦРМ по електронски пат

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

2. **Ризици и претпоставки**

Во случај на недонесување на Предлог-законот ќе настане правен вакум во смисла што електронските решенија за регистрација и уписи во регистрите при ЦРМ а особено во трговскиот регистар нема да можат да се вршат иако ќе бидат спремни за пуштање во функција.

Недонесување на предлог законот ќе доведе до неимплементација на препораките за подобрување на деловното окружување – Doing business, Регулаторна Гилјотина фаза 3, Мерките утврдени со Новата Казнена политика на Владата на Република Македонија

3. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз национална конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 4: Консултации**

Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања, Министерство за правда, Министерство за финансии, Централен регистар на Република Македонија

**Чекор 5: Проверка / рецензија на решението**

**Резиме на комплетната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

   Донесување на Предлог-законот заради подобрување на деловната клима во Република Македонија и целосно усогласување со Директивата 2003/58/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 15 јули 2003 изменувајќи ја Директивата на Советот 68/151/ЕЕЗ во однос на условите за објавување во однос на некои видови трговски друштва. Покрај ова со предлог-законот се врши имплементација на препораките од бизнис заедницата во рамките на Регулаторна Гилјотина фаза 3 (подолго времетраење на полномошното за гласање на собрание, допрецизирање на одредбите за ослободување од обврска да се приложи полномошно или нотарска заверка за брокерските друштва и други финансиски институции кои како иматели на сметки за свои клиенти практично се законски акционери и имплементација на Doing Business препораките (скратени рокови за ликвидација, он лајн регистрација на трговски друштва).

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот**

   Александар Поповски, Министерство за економија

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе бидат вклучени во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**
   Фатмир Бесими, Министер за економија
   Методиј Хаџи-Васков, Заменик министер за економија
   Катерина Костеска, Државен секретар во министерство за еконмија
   Александар Поповски, Раководител на сектор во Министерство за економија

**Изјава од министерот**
**за комплетната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за комплетна проценка на влијанието на регулативата/ предлог законот

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија |
| 3. | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид, | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управни постапки, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување”? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *име и презиме на ресорниот министер,* изјавувам дека ја проучив Комплетната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис од Министерот:
........................................................................... Датум: